# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” Излегува по потреба | 21. Јуни .2007 год. Скопје Бр. 5 Год. II |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com


**Скопје, Јуни 2007 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот и на Пречистениот текст на Статутот на ЈОУДГ *Росица*, Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот и на Пречистениот текст на Статутот на ЈОУДГ *Росица*, Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата Седница на Советот, одржана на ден 30.05.2007 година.

**Број 08-1452/1**
**од 21.06.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за Заштита на децата (Службен Весник на Р.М. број 98/2000, 17/03, 65/04 и 113/05), а согласно Одлуката за пренесување на основачките права над постојните јавни установи за деца-детски градинки на Општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите (Службен Весник на Р.М. број 51/05) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 51-та Седница на Совет, одржана на ден 30.05. 2007 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот и на Пречистениот текст на Статутот на ЈОУДГ *Росица* , Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот бр.02-47/6/2007 и на Пречистениот текст на Статутот на ЈОУДГ *Росица* Ѓорче Петров-Скопје бр.01-47/9/2007, донесени од страна на УО на ЈОУДГ *Росица* Ѓорче Петров-Скопје, на седницата одржана на 27.02.2007 година.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1195/3**
**од 30.05. 2007 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт ДУП за дел од Западна индустриска зона, улица Шарпланинска - Б1 во Општина Ѓорче Петров - Скопје**

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт ДУП за дел од Западна индустриска зона, улица Шарпланинска - Б1 во Општина Ѓорче Петров - Скопје, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот, одржана на ден 19.06.2007 година.

**Број 08-1453/1**
**од 21.06.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(Службен Весник на РМ бр. 51/05), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа(Службен Весник на РМ бр. 5/02) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Град Скопје бр.5/2006 ),Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на ден 19.06.2007 година, расправајќи по Нацрт-Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона, улица Шарпланинска - Б1 во Општина Ѓорче Петров - Скопје, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**за утврдување на Нацрт ДУП за дел од Западна индустриска зона, улица Шарпланинска - Б1 во Општина Ѓорче Петров - Скопје**

1.Се утврдува текстот на Нацрт-Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона, улица Шарпланинска - Б1 во Општина Ѓорче Петров - Скопје со Нацрт ДУП-от како составен дел на Нацрт-Одлуката.

2.Надлежните органи на Општината,односно Градоначалникот и Одделението за урбанизам,просторно планирање и заштита на животна средина на Општина Ѓорче Петров ќе ја спроведат понатамошната постапка за донесување на овој Детален урбанистички план согласно член 24 И 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

3.Овој Заклучок ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1375/3**
**од 19.06.2007 година**
**Скопје**

**Советот на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Нацрт-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона, улица *Шарпланинска*-Б1, во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Нацрт-Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона, улица *Шарпланинска*-Б1, во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот, одржана на ден 19.06.2007 година.

**Број 08-1453/2**
**од 21.06.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Град Скопје бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.Македонија број 51/05 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на 19.06.2007 година, донесе:

**Н А Ц Р Т-О Д Л У К А**
**За донесување на Детален урбанистички план**
**за дел од Западна индустриска зона, улица Шарпланинска-Б1,**
**во Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона, улица Шарпланинска - Б1 во Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање .

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона, улица Шарпланинска - Б1 во Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 4,41 ха, со следни граници на урбан опфат:

- на југозапад: оска на ул. Шарпланинска;
- на југоисток, југоисточна страна на КП 751/1,продолжува во правец до југозападната страна на КП 1263;
- на североисток: североисточната страна на КП 749/2;
- на северозапад: северозападната страна на КП 749/2,ја сече до оска на новопроектирана улица *1* која оди до ул. Шарпланинска.

**Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона, улица Шарпланинска - Б1 во Општина Ѓорче Петров е изработен од А.Д. за урбанизам, архитектура и инженеринг АД*ЗУАС* - Скопје, со технички број 1515/2006.

Деталниот урбанистички план содржи:

**ВОВЕД**

**I.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
*А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ*

1. ***ВОВЕД***
2. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕНА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
4. СОСТОЈБА НА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

Местоположба и сообраќајна поврзаност

Природни карактеристики

5. СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ
   Анализа на состојбата на просторот и намена на површините
Население
Градежен фонд
Сервиси и лесна незагадувачка индустрија
Нумерички показатели
Постојна инфраструктура
   Постојна улична мрежа
Хидротехничка инфраструктура
Електроенергетика
Телефонска мрежа
6. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
   Заклучоци од анализата на постојната состојба
Можности за просторен развој
7. ПОПИСНИ ЛИСТИ

*Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ*

1. ***Извод од ДУП од 1995 год*** ***1:1000***
2. Постојна состојба ............................................................ 1:1000
3. Синтезен приказ на постојна инфраструктура................ 1:1000

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. ВОВЕД
2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ИЗВОД ОД ГУП
4. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
5. ПОДЕЛБА И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ
6. КЛАСА НА НАМЕНИ НА ПОВРШИНИ И ГРАДБИ
6.1.Производство, дистрибуција и сервиси
6.1.1. Лесна и незагадувачка индустрија, стоваришта и сервиси
7. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
   Нумерички показатели по намена
Нумерички показатели по блокови и градежни парцели
8. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ
9. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
Нивелманско решение
Сообраќај
10. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
10.1.Хидротенхичка инфраструктура
10.2. Електро - енергетска
10.3. телефонска мрежа
11. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
12. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА
13. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА
13.1. Општи услови за изградба
13.2. Посебни услови за изградба

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Извод од ГУП на Град Скопје од 2002 год.......................... 1:5000

2. Синтезен приказ ................................................................ 1:1000
   - план на намена на земјиштето и градбите
   - регулационен план
   - план на површина на градење

3. Синтезен план.................................................................... 1:1000
   - сообраќајно решение
   - нивелациски план

4. Синтезен план .................................................................. 1:1000
   - хидротехничка инфраструктура
   - локации на трафостаници

**Ч л е н 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам,просторно планирање и заштита на животна средина на Општина Ѓорче Петров, во рок од 60 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на Планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам,просторно планирање и заштита на животна средина на Општината.

**Ч л е н 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1375/4**
**19.06.2007 год.**
**С к о п ј е**

**Советот на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучок за техничка исправка на дел од ДУП Хром 2000 година, урбанистичка парцела 16.1а-населба Хром, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Заклучокот за техничка исправка на дел од ДУП Хром 2000 година, урбанистичка парцела 16.1а-населба Хром, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот, одржана на ден 19.06.2007 година.

**Број 08-1453/3**
**од 21.06.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр.5/02) И член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница , одржана на ден 19.06.2007 година, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**за техничка исправка на дел од ДУП Хром 2000 год.**
**Урбанистичка парцела 16.1 а**

1. Се врши техничка исправка на графичкиот дел од Деталниот урбанистички план Хром 2000 год. Урбанистичка парцела 16.1а , поместување на градежна линија на северо-источна страна на 1,0 м. од граничниот ѕид со соседот, -пропуст при оформување на површината за градба во Урбанистичката парцела. Тех.бр.1553/2007 - АД*ЗУАС* - Скопје.

2. Овој Заклучок да се достави до Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина во Општина Ѓорче Петров.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1375/5**
**од 19.06. 2007 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување на Годишна награда *Ѓорче Петров* во 2007 година**

Се објавува Одлуката за доделување на Годишна награда *Ѓорче Петров* во 2007 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот, одржана на ден 19.06.2007 година.

**Број 08-1453/4**
**од 21.06.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) и член 17 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишни награди и признанија и одбележување на други празници (Службен Гласник на Град Скопје бр. 6/02), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница, одржана на ден 19.06.2007 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**за доделување на Годишна награда**
***Ѓорче Петров* во 2007 година**

**Член 1**

Како знак на општествено признание за особени остварувања во стопанството, науката, уметноста, културата, спортот, воспитанието и образованието, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во Република Македонија и во светот, Годишната награда *Ѓорче Петров* за 2007 година се доделува на :

1. Слободан Томиќ од Скопје, Ѓорче Петров - новинар, за посебен придонес за медиумска афирмација на Општина Ѓорче Петров.
   Наградата се состои од плакета и паричен износ од 6.000,00 денари.

2. Ракометна школа *Кочо Рацин* во Гимназијата *Кочо Рацин*, Ѓорче Петров - за посебен придонес во развојот на ракометниот спорт и афирмација на името на Општина Ѓорче Петров во Р.Македонија и во светот ;
   Наградата се состои од плакета и паричен износ од 6.000,00 денари.

**Член 2**

За посебен придонес во образованието и воспитувањето во Општина Ѓорче Петров на Грозде Христовски од Скопје, Ѓорче Петров - Наставник по техничко образование во О.У.*Страшо Пинџур*, му се доделува награда - плакета и паричен износ од 6.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1375/6**
**од 19.06. 2007 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

1. **Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот и на Пречистениот текст на Статутот на ЈОУДГ *Росица*, Ѓорче Петров-Скопје. . . . . . . . . . . . . . . . стр.2**

2. **Заклучок за утврдување на Нацрт ДУП за дел од Западна индустриска зона, улица Шарпланинска - Б1 во Општина Ѓорче Петров - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.4**

3. **Нацрт-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона, улица *Шарпланинска*-Б1, во Општина Ѓорче Петров . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.6**

4. **Заклучок за техничка исправка на дел од ДУП Хром 2000 година, урбанистичка парцела 16.1а-населба Хром, Општина Ѓорче Петров . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.10**

5. **Одлука за доделување на Годишна награда *Ѓорче Петров* во 2007 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.12**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи
и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308

фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци